# НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ-
# ВОВЕДУВАЊЕ ПАМЕТЕН ТУРИЗАМ И СПОДЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА




## Општи информации:

Регион на кој се однесува проектот: Охрид, Струга, Вевчани, Дебар, Центар Жупа, Маврово и Ростуше, Мат, Дебар, Булкиз, Клос

**Клучни факти и бројки релевантни за проектот:**

Времетраење на проектот: 27 месеци 01ви Декември 2017 – 28ми Февруари 2020

Вредност: 304,054.00 €

Придонес од ЕУ: 258,446 € (85%)

Национално ко-финансирање: 45.608 (15%)

## Партнери на проектот:

Здружение Локална Агенција за Развој – ЛАР Струга
ул.Димче Ковачески 30/2, 6330 Струга
www.ldastruga.org

Институт за Истражување во Животна Средина, Градежништво и Енергетика (ИЕГЕ)
ул.Дрезденска 52, Скопје 1000
www.iege.edu.mk

Биолози од Албанија - Тирана
Str. Ismail Qemali
Pallati 2K, Nr. 25 /c
Tirana
www.biologet-al.com

Општина Мат
Плоштад "Ахмет Зогу"
Бурел, Албанија
www.bashkiamat.gov.al

## Контакт информации:

тел: +389 46 784 151 (ЛАР-канцеларија)
e-mail: smarttourismmkal@gmail.com

THIS PROJECT IS FUNDED BYTHE EUROPEAN UNION:
IPA 2 CROSS-BORDER COOPERATION PROGRAMME
IMPLEMENTED BY:

# Краток осврт:

Знаењето и иновациите, како и паметните бизнис модели, стануваат фактори кои влијаат на конкурентноста на туристичките дестинации. Целниот регион во кој ќе делуваме се соочува со голем број предизвици кои треба да се надминат, за истиот да стане конкурентен на светскиот туристички пазар. Дигитализацијата на туристичките понуди и нивно поврзување во прекуграничниот регион позитивно може да влијаат врз развојот на туризмот. Претпријатијата кои се занимаваат со туризам во овој регион треба да следат чекор со новите трендови и да го променат својот пристап кон пазарот преку ребрендирање и понуда базирана на автентични искуства, насочена кон потребите на современиот турист.

**Цел на овој проект** е да го претстави концептот на паметен туризам, кој се базира на иновативна и ефикасна примена на постојните културни, природни реурси и човечкиот капитал. Ова ќе резултира со зголемени деловни можности за локалните претпријатија од туристичкиот сектор, поголем број туристи во регионот и можности за нови вработувања.

**Клучни засегнати страни се:** индивидуални претприемачи кои делуваат на територијата опфатена со овој проект (како ракотворци, занаетчии, фармери, спортисти) кои не се директно инволвирани во туристичкиот сектор; лица веќе вклучени во туристичкиот сектор ( туристички водичи, локални агенции, семејни ресторани); Јавни установи кои управуваат со културното и природното наследство (како музеи, галерии, национални паркови) кои треба да се модернизираат и да станат дел од туритичките понуди.

# Активности и резултати

Проектот ќе започне со истражувачко-развојна фаза, после што ќе слези фаза на обуки. Како резулат на тоа, ќе се креира иновативна онлајн платформа на која ќе се нуди палета на туристички понуди, базирани на автентични искуства (комбинации од производи и услуги) во согласност со потребите на современиот турист, а со цел промовирање на регионот.

**1 ПОДГОТВИ СЕ** - компонента Истражување и Развој. Во оваа фаза ќе се изготват квантитативни и квалитативни анализи за понудата и побарувачката во таргетираниот регион. Добиените резултати ќе се споредат со тековните светски трендови преку ETIS European Tourism Indicator System системот. Ќе се изготват 5 научни трудови насочени кон следните елементи: туристички потенцијал; аспекти на одржливост; културно и природно наследство; профил на туристи; модел на туристички тек; сегментација на пазарот. Овие трудови ќе обезбедат стратешки пристап кон проектните активности и ќе послужат како рамка за развој на обуките во следната компонента.

**2 АНГАЖИРАЈ И ТРАНСФОРМИРАЈ** - оваа компонента ќе ги мобилизира клучните засегнати страни и ќе им помогне да ги трансформираат нивните постоечки производи/услуги во поатрактивни пакети насочени кон нови искуства. Ќе се креираат и имплементираат 5 курсеви, вебинари и онлајн курсеви, на кои ќе учествуваат 100 претставници од таргет групата. Со цел да се добијат посакуваните резултати, материјалот ќе биде пренесен преку класични предавања, практични искуства, менторство и меѓусебна поддршка од членовите на групата. Втора фаза на оваа компонента ќе биде обновување на Етнографскиот Музеј на Мат, Албанија што ќе придонесе до поставување на оваа област на туристичката мапа.

**3 ИНОВИРАЈ** - оваа компонента ќе придонесе кон промовирање на меѓуграничниот регион како целогодишна туристичка дестинација. Ќе креираме онлајн платформа, мобилна апликација и физички инфо точки, кои ќе ги искористиме во промовирањето на уникатни туристички искуства понудени од страна на претпријатија и индивидуи од пограничниот регион. Платформата ќе биде изградена преку примена на најнови технологии, и ќе биде иновативна и лесна за користење. Фокус ставаме врз едноставноста на употреба на платформата, што би овозможило нејзина широка примена. Уникатноста на оваа алатка се состои во склопот на најновите трендови во туризмот, со иновативните информатички решенија. Очекуваме понуда од најмалку 30 уникатни туристички искуства.

**4 ДОСТИГНИ И ПРОМОВИРАЈ** - ги опфаќа видливоста и промоцијата на резултатите на проектот. Оваа компонента ќе започне со основање фокус група која ќе создаде почетни понуди на туристички искуства. Дополнително, се очекува создавање на дигитална заедница за споделување идеи, искуства, препораки, реакции и сл. што ќе послужи како магнет за привлекување нови корисници на платформата, а со тоа и нови туристи во регионот.